

Соопштение на ВМРО-ДПМНЕ

Денес, до Претседателот на Собранието ги доставивме потписите и записниците од Иницијативата за донесување на закон за поништување на законот за попис.

Ние, како ВМРО-ДПМНЕ во повеќе наврати укажавме дека имаме лош закон, штетен закон, што нема да ја прикаже реалната состојба на жители во македонија.

Затоа, и преку собранието поднесовме четириесетина суштински амандмани со кои што требаше да се подобри текстот на законот. За жал, беа сите амандмани одбиени.

Исто така укажавме дека лошо е да имаме врзан потпис затоа што прави сомнеж врз самиот процес.

Укажавме дека никаде во светот нема попис на резидентно население, а да се попишуваат и нерезидентите односно граѓаните кои не живеат во Република Македонија.

Апелираме и укажуваме до власта, да прекине со постапката за попис бидејќи секаде во Европа и во светот, пописите се одложени за 2022 година. Ја повикуваме власта да се одважи и да го одложи пописот за 2022 година, да направат забелешки во текстот на законот и да го подобри за да може да имаме онаков попис каков што е потребен за развој на државата, бидејќи сегашниот текст на законот за попис нема да донесе ништо

што е различно од она што го имаме ние како државјани во Република Македонија.

ВМРО-ДПМНЕ